Асоцијацијата Иницијатива за социјална промена – ИнСоК и Македонскиот центар за меѓународна соработка – МЦМС во рамките на проектот „Пристап на Ромите до фондови“, објавија **повик за доделување на мали грантови на ромски граѓански организации**.



Поддршката ќе биде доделена за зајакнување на соработката со институциите на локално и национално ниво преку **застапување и лобирање**, за поадекватен одговор на потребите и проблемите на ромската заедница во Република Македонија.

Грантовите се во висина **од минимум 3.000 УСД до максимум 5.000 УСД**, а вкупниот фонд на проектот „Пристап на Ромите до фондови“ за оваа намена изнесува **25.000 УСД**. Временската рамка за реализација на проектите треба да биде **од три до максимум пет месеци**.

**Рокот за доставување е понеделник, 30 Мај, 2016 година до 15:00 часот- на следнава e-mail адреса: insoc@insoc.org.mk.**

Формуларите за пријавување можете да ги најдете на www.prf.org.mk и www.insoc.org.mk

Проектот е финансиски подржан од програмата на Институт отворено општество Будимпешта „Да се направи максимум со ЕУ фондовите за Ромите“.